**ЗАПИСНИК**
**од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 19.07.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Владимир Ѓорѓиески, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фиданоски најави дека под Точка Разно би сакал да изнесе негов став поврзан со работата на Агенцијата, на што г-дин Петрушевски се согласи.

Забелешка: г-ѓа Машовиќ која се наоѓа на годишен одмор во странство се приклучи на седницата но поради технички проблем со видео конекцијата, беше присутна само преку аудио врска.

Советот на Агенцијата, едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска), го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.07.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.07.2022 година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 април до 30 јуни 2022 година.
4. Нацрт-упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка.

5. Нацрт-методологија за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг).
6. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.
7. Предлог-одлука за отпис на движни ствари на Агенцијата и Предлог-одлука за престанок и давање на движни ствари на трајно користење без надомест.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2022.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) го усвои Записникот од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) го усвои Записникот од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со предложените Квартални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 април до 30 јуни 2022 година објасни дека Советот стандардно не гласа по нив, но секогаш има можност да дискутира. Во однос на нивната содржина рече дека очекувано е обемна, во нив има многу реализирани активности посебно на вработените во Службата кои учествувале на повеќе онлајн состаноци поврзани со делокругот на работата на Агенцијата. Наведе дека има неколку вработени кои редовно учествуваат на сите можни настани и ги пофали за нивното залагање. За извештајот рече дека е содржаен и дека е многу сработено.

Г-дин Ајдини рече дека за сите активности кои се наведени во Извештајот за април, мај и јуни членовите на Советот биле навремено и континуирано известувани а за повеќето од нив и Советот бил активно вклучен и одлучувал на седници. Објасни дека извештајот стандардно е добар и од содржината е видливо дека Агенцијата има доста сработено.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка. Објасни дека Агенцијата врши редовни надзори и доколку се констатираат прекршувања на Законот врши контролни и вонредни надзори. Согласно ЗААВМУ, рокот во кој што се прави контролниот надзор претходно го утврдуваше директорот и затоа е донесено такво Упатство, но со измените на ЗААВМУ таа обврска е премината во надлежност на Советот. Доколку се констатира еден прекршок во годината и на радиодифузерот му се изрече мерка јавна опомена, а контролниот надзор се врши следната година, во тој случај повторно се изрекува јавна опомена. Од Секторот за програмски работи сметаат дека практично премногу се развлекува периодот од кога ќе биде констатиран прекршокот до денот кога ќе биде изречена санкција. Бидејќи таков беше ставот на Секторот за програмски работи, роковите во кои ќе се вршат контролните надзори во зависност од прекршувањата се намалени за една третина. Меѓутоа бидејќи станува збор за сензитивно прашање, рокот за јавна расправа за ова Нацрт-упатство ќе биде 75 дена и потоа ќе се организира расправа со физичко присуство на наредниот јавен состанок со радиодифузерите бидејќи ова нив директно ги засега. Има една група на мали локални и регионални радиодифузери кои што сметаат дека треба да се намалат роковите, но не се знае каква ќе биде реакцијата на поголемите радиодифузери. Од таа причина се предлага јавна расправа со подолг рок, од 75 дена, за да се констатира дали е потребно намалување на роковите или не. Во секој случај овој подзаконски акт ќе биде донесен од страна на Советот согласно измените на ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" (г-ѓа Машовиќ не гласаше бидејќи во моментот имаше технички проблем со интернет конекцијата), го усвои Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Нацрт-упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk) со цел да се отвори јавна расправа по неговиот текст во траење од 75 дена.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ја образложи Нацрт-методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг). Објасни дека причината за измените е заради усогласување со измените на Законот од 2018 година. Во претходната точка (Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка) роковите не се конкретно утврдени во ЗААВМУ и Законот за медиуми додека во овој нацрт-документ измените на Законот од 2018 година директно се рефлектираат на Методологијата. Објасни дека за оваа Нацрт-методологија се предлага јавна расправа од 45 дена пред сè заради тоа што во содржината конкретните измени се согласно Законот, а подолгиот периодот е заради летните одмори и доколку некој од засегнатите страни има забелешки, може да ги даде во јавната расправа која ќе трае некаде до првите денови од месец септември.

Г-дин Петрушевски информира дека г-ѓа Машовиќ повторно се приклучи во конференциската врска.

Г-ѓа Машовиќ објасни дека ќе учествува на седницата со тоа што ќе може да ја следи и да гласа само преку аудио врска.

Г-дин Фиданоски постави прашање до директорот во насока дали на заинтересираните субјекти ќе им биде доволно времето од 45 дена за да достават свои забелешки, сугестии или предлози за измена на Методологијата или можеби токму заради годишните одмори може да се додадат дополнително уште 15 дена со што конечното усвојување би било во месец септември?

Г-дин Трајчевски одговори дека измените во Методологијата се стриктно поврзани со измените во Законот, но нема да пречи да се дадат уште 15 дена. Посочи дека во содржината нема слободно толкување како кај Нацрт – упатството. Во врска со претходната точка „Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка" информира дека доколку се усвојат измените во делот на роковите, ќе стапи на сила од 1 јануари 2023 година.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека предлогот на г-дин Фиданоски рокот да се продолжи за уште 15 дена односно јавната расправа да трае 60 дена го поддржува.

Советот на Агенцијата со предложената корекција од г-дин Фиданоски, едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) ја усвои Нацрт-методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг), бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година, со текст како што беше предложена.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Нацрт-методологија да ја објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk) со цел да се отвори јавна расправа по нејзиниот текст во траење од 60 дена.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека овој радиодифузер е од групата на радиодифузери на кои што Агенцијата за електронски комуникации им го отповика Решението за користење на радиофреквенции, меѓутоа и во роковите кои што им ги дала АЕК тие не ги платиле средствата кон оваа институција. За разлика од другите радиодифузери на кои што им беше отповикано решението, овој радиодифузер продолжи и понатаму да емитува програма што е предмет на кривичен спор со АЕК. АВМУ се обрати до АЕК, при што беше одговорено дека долгот кон АЕК не е платен, дека нивното Решение за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции е во сила со што значи дека РА Капитол во моментов нелегално ја користи фреквенцијата која му е одземена од АЕК. Од таа причина се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата бидејќи се настанати услови кои што не биле предвидени кога била доделена дозволата, односно овој радиодифузер не поседува валидна дозвола за користење на радиофреквенции.

Г-дин Петрушевски по образложението од страна на директорот рече дека ова е изнудена постапка за Советот и затоа ќе го поддржи предлогот. Следат 15 дена за да радиодифузерот се усогласи со АЕК и доколку од таму има позитивно решение секако дека Советот со задоволство ќе ја сопре покренатата постапка по изминување на 15 дена.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година, поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности кои претставуваат законска пречка за емитување на радио програма.

Г-дин Петрушевски даде насоки добро да се информира радиодифузерот дека Советот на Агенцијата започна постапка за одземање на дозволата и дека има 15 дена кои веќе почнаа да течат за да се усогласи со Законот.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за отпис на движни ствари на Агенцијата и Предлог-одлука за престанок и давање на движни ствари на трајно користење без надомест. Објасни дека во разговор со заменик претседателот на Советот г-дин Ајдини, претставници од Албански театар за деца и млади Скопје побарале техничка помош од АВМУ доколку е во можност да им помогне бидејќи имале сериозен недостаток на ИТ опрема. Во таа насока се искомуницира со Секторот за ИТ и се констатира дека има персонални компјутери и печатачи што подолго време не се користат а сепак се во употреба со што би им се помогнало на оваа установа. Објасни дека опремата која ќе се отстапи е наведена во прилог на овој материјал и на договорот. За да се премине на потпишување на Договор за отстапување без надомест на движни ствари, потребно е прво да се изврши отпис, а потоа потпишаниот договор да се испрати до Влада на РСМ со цел да даде одобрение бидејќи согласно Законот Владата дава одобрение дали може да бидат отстапени движни или недвижни ствари бидејќи се во државна сопственост. За реализација на овие одлуки, по одобрување од страна на Советот се очекува во најкус можен рок Владата да одлучи позитивно за да може АВМУ да ги отстапи движните ствари на трајно користење без надомест.

Г-дин Петрушевски појасни, бидејќи станува збор за материјални и финансиски средства Советот треба да даде одобрување на директорот да ја донесе одлуката за отпис и потоа откако Владата ќе ја одобри оваа одлука, директорот треба да потпише Договор за давање на трајно користење на движни ствари без надомест со НУ Албански театар за деца и млади Скопје.

Г-дин Ајдини рече дека ја цени подготвеноста на директорот за да им се излезе во пресрет на НУ Албански театар за деца и млади Скопје, која е релативно нова институција. Според негови сознанија рече дека имаат доста вработени меѓутоа не располагаат со ниту еден персонален компјутер. Во таа насока му се заблагодари на директорот г-дин Трајчевски што одлучил да им помогнат. Во однос на Прилог 2 од материјалот, во известувањето до Директорот рече стои дека „Агенцијата поседува опрема која поради физичка и техничка дотраеност, со веќе истечен амортизационен рок не се користи повеќе и по извршена проверка од страна на вработените од одделението за информатичка поддршка и технологии се предлага..“ Предложи тука да

се додаде дека од Одделението е констатирано дека овие движни ствари се функционални и во работна состојба за да не испадне дека се отуѓуваат средства кои не се во работна состојба. Според него бидејќи директорот навел дека се во работна состојба овој дел треба да се дополни бидејќи е некако недоречен.

Г-дин Трајчевски објасни дека заради брзиот развој на техниката и технологијата, секторите во Агенцијата имаат потреба од посовремени технички и технолошки развиени компјутери и тие реално се во функција меѓутоа не во функција за потребите на вработените за да можат да одговорат на работните задачи. Од таа причина смета дека е најдобро да стои на ваков начин бидејќи ако одговараат во моментов тогаш би можеле вработените да ги користат и во иднина. Бидејќи техниката забрзано напредува набавена е посовремена опрема на која што се снимаат програмите на радиодифузерите и кабелските оператори за да вработените се синхронизираат меѓу себе како на пример Секторот за програмски работи, Секторот за стратешко планирање и авторски права и другите сектори со новата опрема. Бидејќи стручната служба има потреба од посовремена ИТ опрема, од таа причина во овој момент таа опрема не е во функција да одговори на потребите за работата на вработените во АВМУ, но се во работна состојба и ќе бидат во функција за институцијата која побарала ваква опрема бидејќи најверојатно ќе ја користат пред сè за ворд документи.

Г-дин Ајдини рече дека на него неколку пати му било поставено прашањето дали е сè во ред со компјутерите и печатачите и им објаснил дека ИТ одделението констатирало дека се во ред и од таа причина сметал дека во известувањето треба да стои како што предложил. На крајот рече дека доколку сметаат дека не треба да се измени и дополни, тогаш за него е во ред.

Г-дин Петрушевски рече дека го гледа образложението и можеби би можело да се додаде дека потребата за нивно користење во рамките на Агенцијата престанала а ова одговара и со тоа што директорот го кажал. Посочи дека Советот само дава одобрение за Одлуката која ја потпишува директорот, и предложи да се размисли и подоцна да се коригира со тоа што ќе се додаде дека „престанала потребата за нивно користење за вработените од Агенцијата" и ќе се усогласи со она што го кажал и директорот и г-дин Ајдини. Во однос на она што се усвојува, рече дека Советот дава само одобрување и во тој документ нема потреба од такви корекции.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис на движни ствари - компјутерска опрема (монитори) и печатачи од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), за кои на ААВМУ ѝ престанала потребата за нејзино користење, заради физичка и технолошка застареност на истата, која е со веќе истечен амортизационен рок, која опрема е специфицирана во Листата за отпис, Прилог бр.1 кон оваа Одлука и е нејзин составен дел.

Советот на Агенцијата даде одобрение, Предлог-одлуката за престанок и давање на движни ствари на трајно користење без надомест на правното лице основано од државата кое има потреба од користење на движните ствари – НУ Албански театар за деца и млади Скопје, да се достави до Владата на РСМ.

Советот на Агенцијата даде одобрение директорот на Агенцијата во име на АААВМУ, да потпише Договор за давање на трајно користење на движни ствари без надомест со НУ Албански театар за деца и млади Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот по одобрување на одлуката од точка 2 на овој заклучок од страна на Владата на Република Северна Македонија, истата да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Г-дин Петрушевски по гласањето изрази надеж дека со наведената опрема ќе им се помогне на вработените, додека реално како што кажал директорот вработените во Агенцијата имаат поголеми барања поради новите технологии а при тоа бидејќи не се користат заземаат простор за нивно чување.

**Точка 8**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2022. Објасни дека од она што е договорено од соработката во рамките на мрежата, оваа година ќе може Деновите на медиумска писменост да се одржат во деновите кои се близу до Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО, односно од 25 октомври до 1 ноември. Во врска со темата рече дека оваа година акцентот ќе се стави на различностите и медиумската писменост односно на кој начин медиумската писменост помага за интеграција на сите групи и делови од општеството. Како и секогаш штом заврши јавната набавка се надева успешно, ќе продолжат понатамошните активности во насока на успешна реализација, а се распишува порано за да има време за било какви евентуални корекции.

Г-дин Петрушевски рече дека ја погледнал спецификацијата и според него нема јаки услови и се надева дека нема да се јави некој кој ќе ја задоволи само цената а нема да понуди квалитет.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова објасни дека оваа година во условите е наведено дека ова треба да биде голема кампања бидејќи станува збор за настан од национални размери.

Г-дин Петрушевски наведе дека во спецификацијата пишува дека треба да се исполнат само три услови, додека некои други специфични барања нема и се надева дека нема да се јави некој оператор и да ја загрози самата манифестација. Објасни дека Советот не е надлежен за спецификацијата но може да даде коментар.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2022.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2022 е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а

средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Г-дин Фиданоски рече дека пред два дена во централните вести на една национална телевизија имаше изјава од бугарскиот амбасадор Ангел Ангелов поврзана со македонските медиуми, со што Агенцијата како институција на некој начин беше повикана да се произнесе. Од таа причина како член на Советот рече дека ќе се произнесе по тоа прашање и ќе се обиде да го парафразира искажувањето на амбасадорот така како што е изнесено од телевизијата на нејзината интернет страница, дека отворањето на преговорите ќе помогне и за европеизација на медиумите, алудирајќи на медиумите во нашата земја. Објасни дека не е работа на дипломатски претставник и амбасадор од друга држава, кој според него е гостин, да ја оценува работата на медиумите глобално и генерално да си дава за право да каже дали тие се европски или не се европски. Можеби ако има конкретна забелешка од некој конкретен медиум, за конкретен прилог или текст можеби може да реагира меѓутоа генерална оценка е надвор од дипломатските манири. Г-дин Ангелов како поранешен новинар знае во какви услови изминатите децении работеле сите медиуми во регионот, вклучувајќи ги и бугарските медиуми не само македонските. Објасни дека македонските медиуми ќе си го изодат својот европски пат и негово мислење е дека не сите и не секогаш но генерално македонските медиуми, македонското новинарство биле еден од чинителите во позитивна смисла на зборот кој што ги туркале демократските процеси во ова општество и придонеле за развојот и за подигнување на демократизацијата. Лично смета дека во многу од бугарските медиуми има експлицитни примери на негирање на македонскиот национален идентитет кои што се случуваат многу често и кои директно посегаат по нас. Но, тоа е негова лична перцепција, исто како што е лична перцепција на бугарскиот амбасадор за тоа какви се медиумите во оваа земја и тоа е субјективен критериум. Објективно за тоа каква е состојбата со медиумите можеби имаат право да се произнесат некои од светските организации, институции и луѓе кои се занимаваат со тие прашања, кои се релевантни, а според него едни од најрелевантните се „Репортери без граници". Ако се отворат нивните годишни индекси за степенот на слобода на медиумите, степенот на почитување на професионалните стандарди и слично, на нивната ранг листа, Македонија во 2022 година е на 57-мо место, во 2021 година на 90-то место односно има драстичен скок од 33 места, додека Бугарија е на 91-во место во 2022 година а 112-то во 2021 година. Иста е состојбата и во 2019-та и 2020-та, бугарските медиуми се рангирани на 111-то место а македонските во 2019-та се на 95-то место, во 2020 на 92-во место. Ова покажува дека во претходните 4 години според ова рангирање на лица кои се стручни и ги знаат работите, македонските медиуми се 30-тина места на таа ранг листа погоре од бугарските медиуми. Аналогно на тоа може да се извлече заклучок дека ако си земја членка на ЕУ не значи дека медиумите ти се европски во начинот на третирањето на темите, појавите или некои проблеми и прашања. Резимираше дека амбасадорот според него треба да си се држи до дипломатските протоколи, а протокол е многу популарен овие денови, и не би требало да си прави вакви испади кои можат дополнително да го сензибилизираат прашањето за македонско-бугарските односи кое и така е сензитивно претходниот период. Како што

веќе објаснил, македонските медиуми ќе си го изодат својот пат до целосно европеизирање, што би значело 100% применување на слободата на изразување и на професионалните стандарди онака како што го има во најразвиените светски демократии и на тој начин ќе бидат двигател кој ќе ги турка сите процеси нанапред во ова општество. Апелираше, како што постои во новинарството форма - редакциски коментар, некои од медиумите ако сметаат дека се засегнати по однос на ваквите ставови можат и тие низ оваа форма да си го искажат својот став.

Г-дин Петрушевски во врска со она што го навел г-дин Фиданоски рече дека не е запознаен бидејќи не го видел прилогот.

Г-дин Трајчевски објасни дека таа изјава беше објавена само на ТВ Канал 5 и беше прозвана и АВМУ. Изјавата ја видел и објасни дека не беше во насока дека треба да се европеизираат, туку дека треба да го изодат европскиот пат. На ТВ Канал 5 изјавата беше извртена не само на интернет страницата туку и во вестите дека бугарскиот амбасадор вели дека медиумите треба да се европеизираат. Е сега дали нас ни се допаѓа протоколот што е потпишан или не, овие денови во Софија, тамо е наведен говорот на омраза во самиот протокол во медиумите и изјавата не е европеизирање туку изодување на европскиот пат во контекст на пропишаниот протокол. Инаку самата прозивка од ТВ Канал 5 воопшто не држеше дека се повикува АВМУ и МИОА бидејќи тие немаат надлежност. Агенцијата ги оценува и презема мерки кон радиодифузерите, а не кон оние што даваат изјави. Ако радиодифузер пренесе непрофесионално или пренесе изјава на говор на омраза тогаш АВМУ реагира кон радиодифузерот, а единствен кој што има надлежност да реагира за изјавите на странските дипломати е МНР и претседателот на државата, и ако тие сметаат дека во самата изјава на амбасадорот има елементи, тие можат да му го откажат гостопримството. Меѓутоа не како Агенција, можеме како граѓани да се согласуваме или не со изјавата, но Агенцијата не може против ниеден медиум да преземе нешто кој пренел изјава на било кој странски дипломат а при тоа медиумот не заземал став или не ја фаворизирал таа изјава. На крајот додаде дека ќе се обиде да ја најде изјавата од ТВ Канал 5 и да им ја прати на членовите на Советот.

Г-дин Петрушевски рече дека е добро да се испрати линк од изјавата и сите членови на Советот да ја видат, бидејќи не може да коментира без да ја види. Во секој случај рече дека сака нашата држава да си го задржи достоинството и сувереното право сама да одлучува.

Г-дин Фиданоски се согласи дека Агенцијата реагира согласно описот на работа кон медиумите или радиодифузерите, односно доколку тие направат некакво прекршување или појава на говор на омраза. Според него во последните 6-7 години како Совет немаат констатирано експлицитен говор на омраза на некој од радиодифузерите кои што се предмет на мониторинг. Меѓутоа и самата формулација „да го изодат својот европски пат" му дава за право да го искоментира, затоа дискутира во лично име како член на Советот, смета дека е надвор од дипломатски манири амбасадорот да ја коментира состојбата на медиумите какви се тие и дали го изодуваат или не го изодуваат европскиот пат. Смета дека македонските медиуми, не сите и не секогаш во овие 3 децении од независноста на државата поприлично имаат изодено европски пат и смета дека ранг листите кои ги посочил пред малку укажуваат дека да си членка на ЕУ не значи дека и медиумите ти се целосно 100% изодени по тој европски пат.

Г-дин Петрушевски рече дека останува директорот да го прати линкот од изјавата и да ја видат и слушнат членовите на Советот. Можат да реагираат не е проблем, и за наредна седница да имаат поконкретни ставови.

Бр. 02-2808/7

27.07.2022 година
Скопје

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ